

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.28,
МЕСЕЦ ЈАНУАРИ И ФЕВРУАРИ 2021

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ИЗВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА НА УЛ.САВА КОВАЧЕВИЌ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ. КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА Е ВО ДОЛЖИНА ОД 400 МЕТРИ, СО СЛИВНИ РЕШЕТКИ ЗА АТМОСФЕРСКИ ВОДИ.





СЕ ИВРШИ САНАЦИЈА НА ПАТОТ ОД С.РЕСАВА ДО ЗАЛИВОТ НА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО СО ПРОШИРУВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ. НА ОВАА ЛОКАЦИЈА СЕ НАОЃААТ ОКОЛУ 100 ВИКЕНДИЦИ КОИ СЕГА ЌЕ ИМААТ ПОБЕЗБЕДЕН ПРИСТАП. ОВОЈ ПРОЕКТ Е ДОНАЦИЈА ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА КОМПАНИЈА КОЖУВЧАНКА ВО ВРЕДНОСТ ОД 1 МИЛИОН ДЕНАРИ. НА ОВАА ЛОКАЦИЈА ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ ПОСТАВИ И НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ГРАДЕЖНАТА МЕХАНИЗАЦИЈА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" РАБОТЕШЕ НА ПРОБИВАЊЕ НА НОВА УЛИЦА ВО УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА „СТРАШО ПИНЏУР".
ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ СЕ ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА УЛ. „ЃУРО ЃАКОВИЌ". ВО ОВАА ФАЗА СЕ ОТСТРАНУВА ЗЕМЈАТА И СЕ ОФОРМУВААТ КОНТУРИТЕ НА УЛИЦАТА, ПОТОА ЌЕ СЛЕДИ ТАМПОНИРАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА РАБНИЦИ. ВО ПОСЛЕДНАТА ФАЗА ЌЕ БИДЕ ИЗВРШЕНО ПОПЛОЧУВАЊЕ СО БЕХАТОН КОЦКИ (ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ).
НОВАТА УЛИЦА СЕ ГРАДИ НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ НА КАВАДАРЦИ, А ЈАВНАТА НАБАВКА Е ДЕЛ ОД ПОШИРОК ПРОЕКТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ И ПРОБИВАЊЕ НА НЕКОЛКУ УЛИЦИ.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РЕАЛИЗИРАШЕ ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТОЈНАТА МРЕЖА ОД ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ГРАДОТ.
АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА РАБОТИ НА ЗАМЕНА НА ПОСТОЈНИТЕ 30 W ЛЕД ЛАМБИ СО НОВИ ВИСОКОЕФИКАСНИ 19 W ЛЕД ЛАМБИ. ДЕНЕС СЕ РАБОТЕШЕ НА УЛИЦИТЕ „ИЛО КОСТОВ" И УЛ. „МАКСИМ ГОРКИ". ОВИЕ ДВЕ УЛИЦИ СЕ ДЕЛ ОД ПРЕДВИДЕНИТЕ 30 УЛИЦИ КАДЕ ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ЗАМЕНА НА ВКУПНО 352 ЛАМБИ.
ПРОЕКТОТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГО ПОДИГНЕ НИВОТО НА ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ, И ДА ЗШТЕДИ НА ПОТРОШУВАЧКАТА. СО ОВА ЌЕ СЕ СОЗДАДАТ УСЛОВИ ЗА НЕПРЕЧЕНО И БЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО НОЌНИТЕ ЧАСОВИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ПРЕД ОТПОЧНУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА СПОРТСКАТА САЛА ВО ООУ "СТРАШО ПИНЏУР" ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ИЗВРШИ ДИСЛОКАЦИЈА НА ВЕЌЕ ПОСТОЕЧКИ ИНСТАЛАЦИИ. ДИСЛОЦИРАНА Е ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА И ИСТАТА ЌЕ БИДЕ ЗАМЕНЕТА СО НОВА. ИСТО ТАКА ВО СКЛОП НА ИСТИТЕ РАБОТИ ЌЕ БИДЕ ИЗВЕДЕН ПРИКЛУЧОК НА ВОДОВОДНА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА НОВАТА СПОРТСКА САЛА.

ВО ФАЗА НА РЕАЛИЗАЦИЈА Е ПРОЕКТ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ВО УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА „СТРАШО ПИНЏУР“.
АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ РАБОТИ НА ПРОБИВАЊЕ НОВА ТРАСА ОД УЛ. „ДОНЕ ПОПОВ“. СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НА ОВАА ЛОКАЦИЈА СЕ ТРАСИРА УЛИЦА ВО ДОЛЖИНА ОД 90 МЕТРИ. ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ Е ДА ЈА СПОИ УЛ. „ДОНЕ ПОПОВ“ СО УЛ. „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“. СЕ РАБОТЕШЕ НА ПРОБИВАЊЕ И НИВЕЛИРАЊЕ НА ПОДЛОГАТА, КАКО И НА ПОСТАВУВАЊЕ ТАМПОН. ПОТОА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ РАБНИЦИ, А ВО ЗАВРШНАТА ФАЗА ЌЕ СЛЕДИ АСФАЛТИРАЊЕ.
ПРОЕКТОТ ЗА ПРОБИВАЊЕ И СПОЈУВАЊЕ НА УЛИЦАТА Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИЗГРАДБАТА НА НОВИОТ ОБЈЕКТ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „РАДА ПОЦЕВА“ СЕ РЕАЛИЗИРА СПОРЕД ПЛАНОТ. НА ЛОКАЦИЈАТА НА УЛ. „РЕСАВСКА“, АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ДЕНОВИВЕ РАБОТИ НА ЅИДАЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ ОД ПРИЗЕМЈЕТО. ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ ЌЕ ЗАПОЧНЕ И ПОСТАВУВАЊЕТО НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ИНСТАЛАЦИЈА, КАКО И ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОДОВОДНАТА И КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА ВО ОБЈЕКТОТ.





НАБРГУ ПОТОА СПОРЕД ДИНАМИКАТА НА ГРАДБА ЌЕ СЛЕДИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОКРИВНАТА КОНСТРУКЦИЈА. ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ ЌЕ БИДЕ ДОЛГОРОЧНО РЕШЕНИЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО НЕДОСТИГ НА СЛОБОДНИ МЕСТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ВО ГРАДИНКАТА „РАДА ПОЦЕВА“. СО ДОСЕГАШНИТЕ ПРЕВЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНАТА ВО ДОГРАДБА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ, КАКО И АДАПТИРАЊЕ НА ПРОСТОР ВО СЕЛАТА ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НЕ САМО ШТО ЌЕ ГО НАДМИНЕ ПРОБЛЕМОТ СО НЕДОСТИГ НА КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДЕЦА ВО ГРАДИНКАТА, ТУКИ И ЌЕ ПРЕМИНЕ ВО ВОДЕЧКА ОПШТИНА ВО ЗЕМЈАТА СО ОПТИМАЛНО РЕШЕНИЕ НА ЗНАЧАЕН И ГОРЛИВ СОЦИЈАЛЕН ПРОБЛЕМ. ОВОЈ ПРОЕКТ Е ЦЕЛОСНО ФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ОД УЛ.КИРО СПАНЦОВ. ОВОЈ КРАК Е ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО УЗ БРАЌА ЏУНОВИ ВО ВРЕДНОСТ ОД 1 385 000 ДЕНАРИ. А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА ПАТЕКАТА ОД ЛЕВАТА СТРАНА НА КЕЈОТ ШЕТАЛИШТЕ, НА ПОСЛЕДНАТА ДЕЛНИЦАТА ОД КЕЈОТ ВО ДОЛЖИНА ОД 680 МЕТРИ. АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ЦВЕТ КОМПАНИ“ ОД СКОПЈЕ ВГРАДУВА ТАМПОН КАКО ПОДЛОГА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА БЕХАТОН КОЦКИ.
ВО ОВАА ФАЗА ОД ИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ-ШЕТАЛИШТЕ ТРЕБА ДА СЕ ДОИЗГАРАДАТ ПЕШАЧКИТЕ ПАТЕКИ НА ДВАТА БРЕГА. ВО ЗАВРШНАТА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА.
ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 21.500.000 ДЕНАРИ. ПАРИТЕ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
УРБАНИЗИРАНИОТ КЕЈ ЌЕ БИДЕ ДОЛГ ТРИ КИЛОМЕТРИ ОД УЛ.„СТРАШО ПИНЏУР“ КАЈ МОСТОТ НА ИЗЛЕЗОТ ОД ВАТАША НА ЈУГ, ДО МОСТОТ „БЕЛКА“ КАЈ БУЛЕВАРОТ „ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ“ НА СЕВЕР.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РЕАЛИЗИРАШЕ УШТЕ ЕДЕН ЗНАЧАЕН СООБРАЌАЈНО БЕЗБЕДНОСЕН ПРОЕКТ. ВО С.МАРЕНА, ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „МЕТАЛ АПОСТОЛОВ“ ОД КАВАДАРЦИ, ЈА ПОСТАВИ КОНСТРУКЦИЈАТА НА МЕТАЛНИОТ ПЕШАЧКИ МОСТ ПРЕКУ ОВЧКА (О'ОВСКА) РЕКА.
НОВИОТ ПЕШАЧКИ, СЕ НАОЃА ВЕДНАШ ДО ПОСТОЈНИОТ СООБРАЌАЕН МОСТ ОД ЛЕВАТА СТРАНА НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ КАВАДАРЦИ-НЕГОТИНО.



МОСТОТ Е СО ДОЛЖИНА ОД 27,6 МЕТРИ, ШИРОК 2 И ВИСОК 2 МЕТРИ. НА ЧЕЛИЧНАТА КОНСТРУКЦИЈА Е ПОСТАВЕНА МЕТАЛНА ОГРАДА, КАКО И МЕТАЛЕН БРОДСКИ ПОД.
СО ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ЗНАЧАЕН ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ ОПШТИНАТА РЕШАВА ГОЛЕМ СООБРАЌАЕН ПРОБЛЕМ НА ЖИТЕЛИТЕ НА С.МАРЕНА. ТИЕ КОНЕЧНО ЌЕ МОЖАТ МНОГУ ПОБЕЗБЕДНО ДА СЕ ДВИЖАТ ПОКРАЈ НАЈФРЕКФЕНТНИОТ ПАТЕН ПРАВЕЦ ВО ОПШТИНАТА.
ИЗГРАДБАТА НА МОСТОТ Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД С.МАРЕНА.

ПРОЕКТОТ ЗА ПОДИГАЊЕ НА НИВОТО НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ШТО ГО РЕАЛИЗИРА О ПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДВИВА СПОРЕД УТВРДЕНАТА ДИНАМИКА.
АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА РАБОТЕШЕ НА УЛ.„ЉУБАШКА“ КАДЕ БЕА ПОСТАВЕНИ ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ЛАМБИ ОД ВКУПНО ПРЕДВИДЕНИТЕ ЧЕТИРИНАЕСЕТ ЛЕД ЛАМБИ. СО ОВА СЕ ЗАОКРУЖИ ПРВАТА ГРУПА НА УЛИЦИ ОД ПРЕДВИДЕНИТЕ 30 КАДЕ ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ЗАМЕНА НА ВКУПНО 352 ЛАМБИ. ЛАМБИ СЕ МЕНУВАА И НА УЛ.„ДИМЧЕ МИРЧЕВ“, КАКО И НА УЛ.„БРАЌА ЦУНОВИ“ ОД МОСТОТ „СЛОГА“ ДО СПОЈОТ СО УЛ.„БРАЌА ХАЏИ-ТЕФОВИ“.
ДОСЕГА СЕ ИНТЕРВЕНИРАШЕ НА : УЛ.„ИЛО КОСТОВ“, УЛ.„МАКСИМ ГОРКИ“, УЛ.„БРАЌА ХАЏИ-ТЕФОВИ“, УЛ.„СЛОГА“, КАКО И НА УЛИЦИТЕ ОКОЛУ ПАРК „ПОЛАНА“ КАДЕ ШТО БЕА ЗАМЕНЕТИ 74 ЛАМБИ СО ЛЕД ТЕХНОЛОГИЈА.
ПРОЕКТОТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГИ ПОДОБРИ УСЛОВИТЕ СО ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА НЕПРЕЧЕНО И БЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО НОЌНИТЕ ЧАСОВОИ, ЗАШТЕДА НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА, КАКО И ПОДИГАЊЕ НА ЕКОЛОШКИТЕ СТАНДАРДИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ ОПЕРАТИВАТА НА ЈП „КОМУНАЛЕЦ“ ПОСТАВИ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ, КАКО И СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА МОТОРЕН СООБРАЌАЈ НА РЕКРЕАТИВНАТА ПАТЕКА „МОКЛИШТЕ“. ПОСТАВЕНИ СЕ ОКОЛУ 200 СТОЛБОВИ, ТРИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ ЗА ЗАБРАНА НА ОДВИВАЊЕ НА СЕКАКОВ ВИД СООБРАЌАЈ ПО САМАТА ПАТЕКА, КАКО И ЕДНО СВЕРНО ОГЛЕДАЛО НА ВЛЕЗ-ИЗЛЕЗ ОД СПОМЕН ПАРКОТ 12 „МЛАДИНЦИ“.





ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА ВАТАША-МОКЛИШКА ВОДЕНИЦА, Е ДОЛГА 3800 МЕТРИ. СЕ ДВИЖИ ДОЛЖ ДВАТА БРЕГА НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ПРЕКУ КОЈА СЕ ПОСТАВЕНИ 4 МЕТАЛНИ ПЕШАЧКИ МОСТОВИ. ШИРОКА Е 4 МЕТРИ И Е ЦЕЛОСНО ПОКРИЕНА СО БЕХАТОН КОЦКИ. ОСВЕТЛЕНА Е ПРЕКУ СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ СО 200 ЛЕД СВЕТИЛКИ, СЕКОЈА СО ЈАЧИНА ОД 40 ВАТИ, ПОСТАВЕНИ НА 100 МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ДВОКРАКА ЛИРА НА ВИСИНА ОД 4 МЕТРИ. ИМА ВКУПНО 5 ПОПАТНИ СТАНИЦИ-ОДМОРАЛИШТА ЦЕЛОСНО УРЕДЕНИ И ОПЛЕМЕНЕТИ СО УРБАНА ОПРЕМА, КАКО И ТАБЛИ ЗА ПИНГ-ПОНГ, ФИТНЕС СПРАВИ И МЕТАЛНИ КОНСТРУКЦИИ ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ.
ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ, КАКО И ЗА ЗАШТИТА НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ОПШТИНАТА ДОЛЖ ТРАСАТА ЌЕ ПОСТАВИ КАМЕРИ ЗА ВИДЕО НАДЗОР.
ИНВЕСТИТОРИ НА ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ СЕ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН.
ВКУПНАТА ИНВЕСТИЦИЈА ИЗНЕСУВА 34 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ТЕК Е ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ И САНАЦИЈА НА УДАРНИ ДУПКИ ВО С.БОХУЛА. ЌЕ СЕ ИЗВРШИ САНИРАЊЕ НА ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 700 МЕТРИ КВАДРАТНИ. 400 МЕТРИ КВАДРАТНИ ЌЕ СЕ ИСКОРИСТАТ ЗА САНИРАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ УЛИЦИ И 300 МЕТРИ КВАДРАТНИ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА НОВА УЛИЦА. ОВОЈ ПРОЕКТ ГО РЕАЛИЗИРА ЈП КОМУНАЛЕЦ



ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ ИЗВЕДУВАЧОТ НА РАБОТИТЕ „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ ГРАДИ ТРОТОАР ПОД СТАРИТЕ „ВАТАШКИ“ ЗГРАДИ НА УЛ. „БЕЛАСИЦА“.
НА ПОТЕГОТ ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ: „ПРЕСПА“ И „НАРОДНИ ХЕРОИ“, НА ДВЕТЕ СТРАНИ ОД КОЛОВОЗОТ СЕ ПОСТАВУВААТ БЕХАТОН ПЛОЧИ НА ПОВРШИНА ОД 565 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ПРОЕКТОТ Е ДЕЛ ОД ПОГОЛЕМАТА ЈАВНА НАБАВКА СО КОЈА СЕ РЕАЛИЗИРААТ ПОПЛОЧУВАЊА ВО УЗ СЛОГА КАДЕ ЌЕ СЛЕДИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛ. „ПРЕСПА“ И УЛ. „АВАЛА“, ДОДЕКА ПРЕТХОДНО КАКО ДЕЛ ОД ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ ИЗВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛ. „БРАЌА ЏУНОВИ“.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДИГАЊЕ НА НИВОТО НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ШТО ГО РЕАЛИЗИРА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДЕНЕС АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА РАБОТЕШЕ НА УЛ.„БРАЌА ЦУНОВИ“ КАДЕ БЕА ПОСТАВЕНИ НОВИ 8 ОД ВКУПНО ПРЕДВИДЕНИТЕ 20 ЛЕД ЛАМБИ.




ПРОЕКТОТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГИ ПОДОБРИ УСЛОВИТЕ СО ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА НЕПРЕЧЕНО И БЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО НОЌНИТЕ ЧАСОВИ, ЗАШТЕДА НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА, КАКО И ПОДИГАЊЕ НА ЕКОЛОШКИТЕ СТАНДАРДИ.

АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ РАБОТЕШЕ НА ЗАМЕНА НА ЛАМБИ НА УЛ.„ПРИЛЕПСКА“, ДЕЛ ОД УЛ.„ИГМАН“, КАКО И НА УЛ.„ЉУБАШКА“, КАДЕ БЕА ЗАМЕНЕТИ ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ЛАМБИ ОД ВКУПНО ПРЕДВИДЕНИТЕ ЧЕТИРИНАЕСЕТ ЛЕД ЛАМБИ. СЕ ПРОДОЛЖИ РЕЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ВКУПНО ПРЕДВИДЕНИТЕ 30 УЛИЦИ.

ДОСЕГА СЕ ЗАМЕНИЈА ЛАМБИ НА 9 ОД ВКУПНО ПРЕДВИДЕНИТЕ 30 УЛИЦИ. ПРОЕКТОТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГИ ПОДОБРИ УСЛОВИТЕ ЗА НЕПРЕЧЕНО И БЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО НОЌНИТЕ ЧАСОВИ, ЗАШТЕДА НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА, КАКО И ПОДИГАЊЕ НА ЕКОЛОШКИТЕ СТАНДАРДИ. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ОПШТИНАТА ПРОДОЛЖУВА СО ПРОЕКТОТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОФИЦИЈАЛНО ЗАПОЧНА СО ИЗГРАДБА НА ГРАДСКИОТ ЗЕЛЕН ПАЗАР. МЕХАНИЗАЦИЈАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" ГО РАСЧИСТУВА ТЕРЕНОТ НА ЛОКАЦИЈАТА НА ПОСТОЈНИОТ ЗЕЛЕН ПАЗАР. СО НОВИОТ ПРОЕКТ ИЗРАБОТЕН ОД АРХИТЕКТОНСКОТО БИРО „ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖИНЕРИНГ" ОПШТИНАТА ЌЕ ГРАДИ СОВРЕМЕН ПОКРИЕН ЗЕЛЕН ПАЗАР ВО ДВЕ НИВОА ЗА ПАРКИРАЊЕ И ЕДНО НИВО ЗА ПРОДАЖБА НА СВЕЖИ ЗЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ, КАКО И ПРОИЗВОДИ КОИ БАРААТ ПОСЕБНИ УСЛОВИ. ВО ФУНКЦИОНАЛНА СМИСЛА ОБЈЕКТОТ ЈА ЗАДРЖУВА СВОЈАТА НАМЕНА КОЈА СЕ ЗБОГАТУВА СО ДОПОЛНИТЕЛНИ СОДРЖИНИ.

ПРИЗЕМНИОТ ДЕЛ Е ПРЕДВИДЕН ЗА ПРИСТАП, КАКО И ЗА ПАРКИРАЊЕ НА 62 ЛЕСНИ АВТОМОБИЛИ И ЕДНО ПАРКИНГ МЕСТО ЗА ИНВАЛИДИ. НОВИНА Е СООБРАЌАЈНИОТ ПРИСТАП ДО ОБЈЕКТОТ ОД ИСТОЧНАТА СТРАНА ПО



ТРАСА НА УЛ. „ЗЕЛЕН ПАЗАР" НА ПОТЕГОТ ОД СПОЈОТ СО УЛ. „ЦАНО ПОП-РИСТОВ" ДО СПОЈОТ СО УЛ. „7-МИ СЕПТЕМВРИ" КОЈА СЕГА ЌЕ СЕ ТРАНСФОРМИРА ОД ПЕШАЧКА ВО УЛИЦА ЗА МОТОРЕН СООБРАЌАЈ. ТАА УЛИЦА ЌЕ ИМА ФУНКЦИЈА ЗА ПРИСТАП ДО ОБЈЕКТОТ, КАКО И ЗА ДОТУР НА ПРОИЗВОДИ. ВО ОВА НИВО СЕ НАОЃААТ И САНИТАРНИ ЈАЗЛИ ЗА ПРОДАВАЧИТЕ И ПОТРОШУВАЧИТЕ.

НА НИВОТО НАД ПРИЗЕМЈЕТО (+3.10) СЕ ПРЕДВИДУВА ПОКРИЕН ПРОСТОР СО ЧЕЛИЧНА НАСТСРЕШНИЦА КОЈ ЌЕ СЛУЖИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА МОБИЛНИ ТЕЗГИ ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ (ЗЕЛЕНЧУК, СЕЗОНСКО И ЈУЖНО ОВОШЈЕ, ЦВЕЌЕ, ЧАЈ И ЗАЧИНИ), КАКО И ПОСЕБЕН ДЕЛ ПУНКТОВИ КАДЕ ШТО ЌЕ СЕ ПРОДАВААТ ПРОИЗВОДИ КОИ БАРААТ ПОСЕБНИ УСЛОВИ (МЕСО, РИБА, МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ, ЈАЈЦА, МАСЛИНКИ). ВО ДЕЛОТ НА ПАЗАРОТ КАДЕ ЌЕ ИМА ПОСТАВЕНИ ТЕЗГИ ЗА ПРОДАВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ НЕ Е ПРЕДВИДЕНО ЗАТВАРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ЅИДАРИЈА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, СЕ РАБОТЕШЕ НА УЛ.ЕГЕЈСКА. НА ОВАА УЛИЦА ЌЕ СЕ ПРОМЕНАТ 20 СВЕТИЛКИ. ОВОЈ ПРОЕКТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГО ПОДОБРИ УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА БЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО НОЌНИТЕ ЧАСОВИ ,ЗАШТЕДА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА , КАКО И ПОДИГАЊЕ НА ЕКОЛОШКИТЕ СТАНДАРДИ.

ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДУВА УШТЕ ЕДНО НИВО СО 66 ПАРКИНГ МЕСТА ЗА ЛЕСНИ АВТОМОБИЛИ И ЕДНО ПАРКИНГ МЕСТО ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ, ИЛИ ВКУПНО 128 ПСРКИНГ МЕСТА. ТРИТЕ НИВОА СЕ ПОВРЗАНИ ПРЕКУ ВЕРТИКАЛНИ КОМУНИКАЦИИ: СКАЛНИЦИ, ТОВАРЕН ЛИФТ ЗА ДОСТАВА НА РОБА И ПОМАЛ ЛИФТ ЗА ЛУЃЕ. КОНСТРУКЦИЈАТА НА ОБЈЕКТОТ Е КОМБИНАЦИЈА ОД БЕТОН И ЧЕЛИК.

ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ ЌЕ ИНВЕСТИРА 102.616.159 ДЕНАРИ.

ВО ВРЕМЕТО НА ИЗГРАДБА НА НОВИОТ ПАЗАР, НЕГОВАТА ФУНКЦИЈА ЌЕ ЈА ОБАВУВА ПАЗАРОТ НА ЛОКАЦИЈАТА НА БУЛЕВАРОТ „НИКОЛА МИНЧЕВ“.




ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИОТ ПАТ КОН ГРОБИШТАТА ВО СЕЛО ВАТАША.

АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „АС-МАШИНИ“ ОД КАВАДАРЦИ ДЕНЕС РАБОТЕШЕ НА РАСЧИСТУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ДЕЛНИЦА ОД ОВАА УЛИЦА. СПОРЕД ПРОЕКТОТ УЛИЦАТА ЌЕ БИДЕ ПРОШИРЕНА ЗА ЕДЕН МЕТАР, А НА КРИТИЧНИТЕ МЕСТА ЌЕ СЕ ИЗГРАДАТ ПОТПОРНИ ЅИДОВИ ЗА СТАБИЛИЗИРАЊЕ НА



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗЕМЈИШТЕТО И СПРЕЧУВАЊЕ НА МОЖНО ЛИЗГАЛИШТЕ.
ПРОЕКТОТ ИМА ЗА ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И ПРОПУСТНАТА МОЌ НА ОВАА СООБРАЌАЈНИЦА ЧИЈА ТРАСА Е НА УГОРНИЦА.
СЕ РЕАЛИЗИРА НА БАРАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ВАТАША.



ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ПЕР ИНЖИНЕРИНГ“ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА КРАК ОД УЛ. „МЕТОДИ ЏУНОВ-ЏИКОТ“.
СЕ РАБОТИ ЗА ДООФОРМУВАЊЕ НА ПОСТОЕН ПОТПОРЕН ЅИД, СО ШТО ЌЕ СЕ ОБЕЗБЕДИ ЦЕЛОСНА СТАБИЛИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО. НЕГОВАТА ИЗГРАДБА ЌЕ ОВОЗМОЖИ СПРЕЧУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНО ЛИЗГАЛИШТЕ, СО ШТО ЌЕ ЈА ЗАШТИТИ СООБРАЌАЈНИЦАТА КАКО И ОКОЛНИТЕ КУЌИ ОД ЕВЕНТУАЛНО ОШТЕТУВАЊЕ,
ПРОЕКТО СЕ РЕАЛИЗИРА НА БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ТОЈ ДЕЛ НА КАВАДАРЦИ.



# ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКА ПАТЕКА

ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА ОД С.ВАТАША ДО МОКЛИШТЕ, КОЈА СО ДОИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ГО ПОВРЗУВА И САМИОТ ГРАД СО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ Е ДОЛГА 4 КИЛОМЕТРИ ОД ВАТАША ДО МОКЛИШКА ВОДЕНИЦА. ЛОЦИРАНА Е НА ДВАТА БРЕГА НА РЕКАТА ЛУДА МАРА, ПОКРИЕНА СО БЕХАТОН КОЦКИ И ШИРОЧИНА ОД 4 МЕТРИ. НА ПАТЕКАТА ИМА ПОПАТНИ СТАНИЦИ-ОДМОРАЛИШТА (ВКУПНО 5) КОИ ШТО СЕ ЦЕЛОСНО УРЕДЕНИ И ОПРЕМЕНИ СО УРБАНА ОПРЕМА, КАКО И ТАБЛИ ЗА ПИНГ-ПОНГ, ФИТНЕС СПРАВИ И МЕТАЛНИ КОНСТРУКЦИИ ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ. ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ПРИ РЕКРЕИРАЊЕ И СПОРТУВАЊЕ И ВО ВЕЧЕРНИТЕ ЧАСОВИ ПАТЕКАТА Е ЦЕЛОСНО ОСВЕТЛЕНА. СО ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМА НОВ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОД КОЈ ЈА ЗБОГАТИ ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ПРАВАЈКИ ЈА ОПШТИНАТА ПОАТРАКТИВНА И СО ПОЗНАЧАЈНО МЕСТО НА ТУРИСТИЧКАТА МАПА ВО ДРЖАВАТА И ПОШИРОКО. ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ МОЖЕ ДА ГО ПОГЛЕДНЕТЕ ВИДЕОТО ОД ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА ОД С. ВАТАША ДО МОКЛИШТЕ.









# СВ ТРИФУН

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИКОТ СВ.ТРИФУН.

СИМБОЛИЧНО ЗАКРОЈУВАЊЕ И ПРОШЕТКА НИЗ РЕГИОНАЛНИОТ ВИНСКИ МУЗЕЈ, БЕА ДЕЛ ОД КРАТКАТА ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОВОЈ ГОЛЕМ ПРАЗНИК. ПОРАДИ СИТУАЦИЈАТА ВО КОЈА СЕ НАОЃАМЕ И СОГЛАСНО ПРЕПОРАКИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД ВИРУСОТ КОВИД 19, ОВАА ГОДИНА БЕШЕ ИЗОСТАВЕНО ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА ГОЛЕМО ПРАЗНУВАЊЕ ПО ПОВОД СВ.ТРИФУН, ЗАШТИТНИКОТ НА НАШИОТ ГРАД.
ПРВОТО ЗАКРОЈУВАЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА ГО НАПРАВИЈА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, МИНИСТЕРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО АРЈАНИТ ХОЏА, КАВАДАРЕЧКИТЕ ПРАТЕНИЦИ И ДЕЛ ОД СОВЕТНИЦИТЕ ОД СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ОСТАНАТИТЕ ГОСТИ.









# СВ ТРИФУН














# ГРАДСКИ ПАРК

НАЈУБАВИОТ ДЕЛ НА ГРАДОТ ЗА РЕКРЕАЦИЈА И ДИШЕЊЕ НА ЧИСТ ВОЗДУХ Е ГРАДСКИОТ ПАРК „ЉУПЧО ШКАРТОВ" КОЈ ПРЕТСТАВУВА ПРИРОДЕН ФИЛТЕР ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ГРАДСКИОТ ПАРК Е ПОДИГНАТ ВО 1955 ГОДИНА И ЗАФАЌА ПОВРШИНА ОД 85.000 МЕТРИ КВАДРАТНИ. МЕЃУ ПОЗНАЧАЈНИТЕ ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2020 ГОДИНА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ГРАДСКИОТ ПАРК. ВО ПАРКОТ ИМА НОВО, СОВРЕМЕНО ОСВЕТЛУВАЊЕ КОЈ ГО ПРАВИ БЕЗБЕДЕН ЗА РЕКРЕАЦИЈА И ПРОШЕТКА И ВО ТЕКОТ НА НОЌТА. НАПРАВЕНО Е ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ, ОБНОВЕНА Е УРБАНАТА ОПРЕМА, ДРВЕНИТЕ КЛУПИ КОИ СЕ СТАВЕНИ ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА, ОБНОВЕНИ СЕ СТАРИТЕ ПАТЕКИ, ИЗГРАДЕНИ СЕ НОВИ, А СТАВЕНА Е ВО ФУНКЦИЈА И ФОНТАНАТА. ВО СКЛОП НА ГРАДСКИОТ ПАРК СЕ НАОЃА И ВИНСКИОТ МУЗЕЈ КОЈ Е ОТВОРЕН ЗА СИТЕ ЉУБИТЕЛИ НА ВИНОТО И ЕНТУЗИЈАСТИ КОИ САКААТ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО ИСТОРИЈАТА НА ТИКВЕШКИОТ ВИНСКИ РЕГИОН. ГРАДСКИОТ ПАРК КОЈ Е УРЕДЕН ВО СЛОБОДЕН, ПЕЈСАЖЕН СТИЛ, ВО СКЛАД СО СОВРЕМЕНИТЕ ПОТРЕБИ И БАРАЊЕ НА СОВРЕМЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ Е ОД НЕПРОЦЕНЛИВО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАДОТ КАКО МЕСТО КАДЕ ГРАЃАНИТЕ МОЖАТ ДА СЕ ОДМОРАТ ИЛИ РЕКРЕИРААТ.



Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**